ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-3547/2
Датум: 02.05.2023
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, Глава II Проектни активности, точка 12. Хорски натпревар меѓу училиштата („Службен гласник на Општина Карпош" бр.25/2022; 4/2023; 5/2023), Решението за формирање на Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година, со број.11-1153/1 од 13.02.2023 година и Одлуката за објавување оглас за Хорски натпревар меѓу училиштата за 2023 година бр.11-3547/1 од 28.04.2023 година, се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

1. Право за учество на јавниот оглас имаат сите општински основни училишта на територијата на Општина Карпош.

**2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАРПОШ**

- На хорскиот натпревар меѓу училиштата за 2023 година учествуваат хоровите на општинските основни училишта, во состав на ученици кои се дел од училишниот хор и наставник по музичко образование од училиштето;
- Училиштето се претставува со една композиција (а капела или со инструментална придружба);
- композицијата може да е световна или духовна;

3. ЦЕЛИ
- развивање на креативноста и музикалноста кај учениците;
- развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците;
- актуелизирање и афирмирање на хорското творештво;
- мотивирање на учениците и наставниците по музичко образование за училишна награда;

**3. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Училишните апликации да се доставаат во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, во **затворен плик** со назнака **„Комисија за реализирање на програмски активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2023 година"** со пропратно писмо во кое ќе се наведе насловот на композицијата со која ќе се претстави училишниот хор.

**5. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ**

Рокот за пријавување на Јавниот оглас е до **16.05.2023** година.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ